### ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Запознајте се со HTML, не каса!

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

Основното познавање на HTML игра важна улога доколку се решите да запливате во водите на Интернет бизнисот. WEB страната претставува основен елемент на електронските бизниси, додека HTML претставува програмски код од кој што е составена секоја WEB страна. Или, поинаку кажано, секоја WEB страна се состои од еден или повеќе текстуални фајлови, чија основа е токму HTML, кој му „кажува" на WEB browser-от како да ја прикаже WEB страницата на екранот.

Без разлика дали ќе се одлучите вашата WEB страна да ја изработувате со Сајт Билдери, дали ќе употребувате WEB темплејти, или, пак, ќе го користите автоматизираното постирање на блоговите, во најмала рака потребно е да научите HTML за да ги поставите и контролирате рекламните пораки на AdSense, афилијативните кодови, или, пак, да ги прилагодите линковите кои водат до или од вашата WEB страна.

На прв поглед, HTML изгледа навистина страшно. Отворете некоја WEB страна со Internet Explorer и во менито View одберете Source... Не се обесхрабрувајте, откако ќе се запознаете со HTML ќе сфатите дека и не е така страшен. Тоа ќе го образложиме со неколку едноставни примери.

Стартувајте го Notepad, и внесете го следниот текст (да, HTML може да се едитува и со наједноставни текст процесори):

```
<HTML>
<body>
Ova e naj ednostavnata WEB Strana.
</body>
</HTML>
```

Снимете го документот под име мојастрана.HTML, index.htm или било кој друг назив со една од екстензиите .HTML или .htm. Потоа отворете го фајлот со било кој интернет прелистувач (browser). Што гледате? Сега повторете ја постапката со следниот текст:

```
<HTML>
<head><title>Naziv</title></head>
<body>
Mojata Prva WEB stranica.
<b>Boldiran tekst</b>
</body>
</HTML>
```

Од примерите може да се заклучи дека HTML е навистина едноставен. Обидете се и самите да експериментирате со промена на текстот. HTML документот започнува со <HTML> а завршува со </HTML>. Видливата содржина на екранот (текст, слики и сл.) е сместен помеѓу <body> и </body> таговите додека болдираниот текст е сместен помеѓу таговите <b> и </б> или <strong> и </ strong > итн. Во таговите <head> сместени се некои специфични атрибути за самата страница и не се видливи на екранот освен текстот помеѓу <title> таговите кој го означува називот на документот и е видлив на врвот на прозорецот на прелистувачот.

Во примерите се дадени наједноставните можни WEB страници. Како бројот на компонентите на WEB страната се зголемува HTML документот станува се посложен. За едноставно едитување на HTML документите се користат т.н. WYSIWYG едитори (што гледаш тоа добиваш), каде што екранот може да се подели на два дела и истовремено да се гледа и уредува HTML кодот и реалниот изглед на документот. Најчесто употребувани вакви едитори се FrontPage и Dreamweaver.

До следниот четврток, за кога и ќе ви бидат потребни одредени предзнаења од HTML, можете да одите на www.w3schools.com/HTML/default.asp, каде што ќе научите се што ви е потребно да знаете за HTML.

**Следниот четврток:**
**Заработете со Google Adsense**